# КАРПОШ
## неделен Е - БИЛТЕН



**ОПШТИНА КАРПОШ • НЕДЕЛЕН Е - БИЛТЕН**
ИЗГОТВУВА: ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ОДНОСИ СО ЈАВНОСТА
22- 28 Јануари 2018 година • Број: 291

# ВЛАДО СИМЈАНОВСКИ НОВ КОМАНДИР НА ПС „КАРПОШ "

На шеста седница на Советот на Општина Карпош, советниците расправаа по вкупно 32 предлог точки. Предлог - заклучоците од Извештаите за реализација на Програмите во областа на детската, социјалната и здравствената заштита, образованието, спортот и културата, информатичката технологија и областа за развој за изминатата 2017 година беа дискутирани и усвоени. Исто така советниците ги усвоија Програмите за активностите на Општина Карпош во областа на располагањето на градежното земјиште, во сопственост на Република Македонија за 2018 година. На денешната седница командирот на Полициската станица „Карпош" детално елаборираше за активностите на полицијата на територијата на локалната самоуправа во изминатата 2017 година. Како што нагласи и самиот тој на свое барање до Министерството за внатрешни работи, командирот ќе биде прераспределен на друга работна позиција. Согласно надлежностите на Советот на Општина Карпош, денеска советниците го изгласаа за нов командир на ПС „Карпош" Владо Симјановски. Од вкупно три кандидати Симјановски, во своето работно портфолио, со двоецениски работен стаж во матичната полициска станица во Карпош ги исполнува сите предуслови, на висина на задачите да ја извршува оваа одговорна функција во областа на безбедноста на граѓаните. Во изјавата на  градоначалникот на Општина Карпош Стефан Богоев, за присутните медиуми по повод оваа точка од дневниот ред,тој нагласи дека во интерес на граѓаните на Карпош, грижејќи се за нивната безбедност и сигурност, Советот на локалната самоуправа дополнително ја стави на дневен ред оваа предлог - Одлука, се со цел, да не се остави кадровски празна,оваа безбедбосно витална функција за карпошани. На оваа седница беа разрешени и именувани членови на управни одбори во детските установи „Орце Николов",„Распеана Младост" како и во градинката  „Мајски Цвет".



# ПОВЕЌЕ ГРИЖА ЗА ДЕЦАТА И ХИГИЕНАТА ВО КАРПОШ

Едукативниот центар на Македонското „ Монтесори Здружение" во соработка со Општина Карпош, веќе пет години се грижи за подобрување на квалитетот на животот и на воспитувањето и образованието на децата, (пред се од ромската популација, но и од руралните средини).

Во рамките на овој проект, децата од предучилишна возраст од населените места Бардовци и Злокуќани активно се вклучени во воспитно - образовната програма, во рамки на која, тие се подготвуваат за започнување на формалното образование. Здружението „ Монтесори", своите работни содржини ги реализира по моделот на учебна година. Во изминатиот период, родителите и децата покажаа голема заинтересираност за вклучување во оваа предучилишна воспитно-образовна настава. Токму затоа, Советот на Општина Карпош оценувајќи го како корисен и успешен, и оваа година даде „виза" за продоложување на овој проект на подрачјето на локалната самоуправа.

Со цел да се зајакнат оперативните капацитети за одржување на чистотата и хигиената на територијата на локалната самоуправа, Советот ја донесе и Одлуката за набавка на основно средство. комунално - товарно моторно возило за собирање, транспорт и изнесување на смет.

На шестата седница , советниците ја одобрија и Одлуката за прифаќање на донација од Друштвото за градежништво, трговија на големо и мало, увоз-извоз „ МАСТЕФ ДООЕЛ" Скопје. Донацијата ќе се реализира во финансиски средства.



# ИСЧИСТЕН ПРОСТОРОТ ОКОЛУ САЛАТА „ ПАРТИЗАН 4“

Комуналните служби на Општина Карпош, кои се грижат за чистотата и хигиената на територијата на локалната самоуправа, го исчистија просторот околу спортскиот објект „Партизан 4–Наум Науновски Борче“, кој се наоѓа во населбата Карпош 4.

И покрај тоа што одржувањето на овој јавен простор, не е во надлежност на Општината, локалната самоуправа имизлезе во пресрет на барањето на граѓаните, и со свои екипи и општинска механизација го собраа сметот игрмушките , а ја искосија и нараснатата трева. Овој простор се наоѓа на фрекфентно место, во централното урбано јадро на Општина Карпош, и истиот, подолг период. е во незавидна состојба, поради нерасчистените имотно-правни односи околу неговата сопственост и беше целосно запуштено.





# ФУДБАЛЕРИТЕ НА МАНДРА ПОБЕДНИЦИ НА МЕМОРИЈАЛНИОТ ТУРНИР

Традиционално, по деветти пат, во С.Ц „ Форца“ , се одржа меморијалниот турнир во мал фудбал во чест на нашата музичка легенда Тоше Проески.

Победник на овој турнир е екипата на „Мандра“, која во финалето ги победи противниците од „Крушево“ со 3:2 . Бронзениот медал го освоија фудбалерите на „Лилича а Роши“, кои ги победија фудбалерите од Општина Карпош со резултат од 8:2. Овој турнир е во организација на здружението на стопанственици Власи „ Мандра“, а Општина Карпош е покровител на истиот. Како што потенцираше градоначалникот на Општина Карпош Стефан Богоев, Општината и понатаму ќе се сеќава на нашиот музички великан Тодор Тоше Проески.

-Јас како млад човек, а верувам и сите вие, пораснавме слушајќи ги песните на нашата музичка звезда. Тоше беше најдобриот амбасадор на нашата држава Република Македонија, и на најрепрезентативен начин не претставуваше онакви какви што сме: темпераментни, со жар и топлина. Се надевам дека наредната десетта јубилејна година од одбележувањето на неговиот роденден, ќе организираме фудбалски турнир од меѓународен карактер, со учество на фудбалски екипи од соседството и пошироко од регионот, истакна градоначалникот Богоев.

По завршувањето на турнирот, кој се одигра во салата „ Форца“, победничкиот пехар и медалите на освојувачите им беа доделени попладнето во хотелот „ Александар Палас“.

